Врз основа на член 15, став 1, точка 2, како и член 6 од Законот за Градот Скопје („Службен весник" на РМ бр.55/04 и 158/11), член 21, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2018 година („Службен Гласник" - Општина Карпош бр.18/17), дел II точка Проектни активности, точка 1. Одделение за екологија, потточка 1.6. Субвенционирање на купување за велосипед, и врз основа на Одлуката за давање согласност за распишување оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди бр.09-4263/4 од 22.05.2018 година („Службен Гласник бр.5/18), Општина Карпош распишува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување на нови велосипеди**

Општина Карпош од 28.05.2018 (понеделник) започнува со спроведување на акцијата „Карпош на точак", со која ќе се субвенционира 30% од цената на купување на нов велосипед, или во максимален финансиски износ, најмногу до 3.000 денари. Право на субвенционирање во оваа акција ќе има секој полнолетен жител на Општина Карпош, кој ќе купи нов велосипед започнувајќи од 28.05.2018 година (понеделник). Потребни документи за субвенционирање на велосипеди се:

- Лична карта (фотокопија)

- Трансакциска сметка, (фотокопија)

- Фискална сметка со сметкопотврда (оригинал) или фактура за купен велосипед, кој е купен не порано од 28.05.2018 година (понеделник).

- Жителите кои веќе оствариле право на субвенција и добиле средства

по истата од Општина Карпош, немаат право да учествуваат  на огласот.

Барањата со комплетна документација ќе се доставуваат кај координаторот на проектот Марко Петрушевски, секој работен ден ( од понеделник до петок), од 07:30 до 15:30 часот, во просториите на Општина Карпош, ( вториот кат на основното училиште „ Лазо Трповски“  ул. Драгиша Мишовиќ, задниот влез на Општината). По поднесувањето на документите, подносителите во писмена форма ќе бидат известени дали ќе бидат корисници на предвидените средства за субвенција за купување на нов велосипед. Оваа акција ќе трае до исцрпување на средствата, а ќе важи принципот „прв дојден, прв услужен“.

Правото на субвенција е еднократно.

За сите дополнителни информации, граѓаните можат да се обратат кај координаторот на проектот Марко Петрушевски.

Телефон за контакт: 078/432/653